Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за дигитална трансформација
Ministria e transformimit dixhital

Бр. - Nr. 09-1670/9
28.07.2026 год./viti
Скопје / Shkup

| Република Северна Македонија Министерство за дигитална трансформација | ПРОЦЕДУРА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И ПОСТАПУВАЊЕ ПО СОМНЕЖИ ЗА ПОТКУП И ПОВРЕДИ НА СИСТЕМОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПОТКУП | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на документ** | ИМС.ССП.09 | | **Ревизија** | 01 | |
| **Тип на документ** | ПРОЦЕДУРА | | **Дата на усвојување** | | |
| **Класификација** | | | за внатрешна употреба | | |
| **Оригинал** | X | Контролирана копија | | Информационен | |

# ПРОЦЕДУРА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И ПОСТАПУВАЊЕ ПО СОМНЕЖИ ЗА ПОТКУП И ПОВРЕДИ НА СИСТЕМОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПОТКУП (ССП)

| | Изработил: | Контролирал: | **Одобрил:** |
|---|---|---|---|
| Име | Марјан Патлиџанковски | Гордана Клинчарова | **Стефан Андоновски** |
| Потпис | | | |
| Раб. место | Раководител на сектор за дигитални вештини и иновации | Државен секретар | **Министер за дигитална трансформација** |
| Дата | | | |

| **Тековна верзија на документот:** | | | |
|---|---|---|---|
| Ревизија бр. | Креирана од (Име / должност) | Датум | Промени |
| | | | |

| **Регистрирање на претходните промени во документот:** | | | |
|---|---|---|---|
| Ревизија бр. | Креирана од (Име / должност) | Датум | Промени |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

## ПРОЦЕДУРА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И ПОСТАПУВАЊЕ ПО СОМНЕЖИ ЗА ПОТКУП И ПОВРЕДИ НА СИСТЕМОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПОТКУП (ССП)

### Цел

Целта на оваа процедура е да обезбеди навремено, независно, непристрасно, доверливо и ефикасно постапување по сите пријавени, откриени или основано сомнителни случаи на поткуп, како и по сите повреди на барањата, процедурите и контролите воспоставени во рамките на Системот за спречување на поткуп (ССП).

### Опсег

Оваа постапка се применува на сите вработени, избрани и именувани лица, надворешни лица ангажирани по кој било основ, практиканти, волонтери и деловни соработници кои се поврзани со активностите на Министерството за дигитална трансформација (понатаму: Министерството).

### Основни принципи

Постапувањето по сомнежи за поткуп и повреди на ССП се заснова на следните принципи:

- законитост;
- независност и непристрасност;
- доверливост;
- навременост;
- пропорционалност;
- заштита на пријавувачите;
- еднаков третман на сите лица;
- неселективност при спроведување на истраги и дисциплински мерки;
- почитување на презумпцијата на невиност;
- заштита на угледот и интегритетот на Министерството.

### Основаност за започнување на постапка

Постапка за проценка и евентуална истрага се поведува во случаите:

- кога е поднесена пријава за поткуп;
- кога е поднесена пријава за повреда на ССП;

- кога е откриена неправилност преку редовни контроли, ревизии или мониторинг;
- кога постојат разумни основи за сомнение за поткуп или друга неправилност;
- кога Лицето за усогласеност со ССП (понатаму Лице за усогласеност) самостојно утврдило индиции за можна повреда;
- кога сомнежот е идентификуван од раководно лице, внатрешниот ревизор или друг надлежен орган.

Секој пријавен, откриен или основано сомнителен случај мора да биде предмет на проценка.

**Првична проценка**

По приемот на информацијата, Лицето за усогласеност врши првична проценка со цел да утврди:

- дали постојат доволно информации за понатамошно постапување;
- природата и сериозноста на наводите;
- потенцијалното влијание врз Министерството;
- можниот ризик од понатамошна штета;
- потребата од итни заштитни мерки;
- потребата од внатрешна истрага.

Доколку се работи за пријава за внатрешно заштитено пријавување, Лицето за усогласеност тесно соработува со овластеното лице за прием на пријави на заштитено пријавување.

Врз основа на првичната проценка Лицето за усогласеност подготвува известување до министерот (освен ако се работи за случај поврзан со министерот) со предлог:

- да не се отвара истрага поради недостаток на основи;
- да се преземат корективни мерки без отворање на формална истрага;
- да се спроведе формална истрага.

**Итни мерки**

Во случаи на сериозни сомнежи за поткуп, значителна повреда на ССП или висок ризик за Министерството, Лицето за усогласеност веднаш го известува министерот и предлага итни мерки за ограничување на ризикот, освен кога случајот е поврзан со министерот.

Итните мерки може да вклучуваат:

- привремено ограничување на пристап до документи или системи;
- привремено запирање на одредена активност, проект или постапка;

- обезбедување и зачувување на докази;
- други неопходни мерки за спречување на понатамошна штета.

**Спроведување на истрагата**

Формалната истрага ја спроведува лице или тим кој не е вклучен во активноста, организациската единица или процесот што е предмет на истрагата.
Истрагата може да ја спроведе:

- Лицето за усогласеност;
- друго овластено лице;
- внатрешниот ревизор;
- посебно формирана комисија;
- надворешен независен експерт;
- друго стручно лице определено од министерот.

Лицето кое ја спроведува истрагата не смее да биде во судир на интереси ниту да биде во организациска, функционална или хиерархиска зависност во однос на лицето кое е предмет на истрагата.

**Овластувања и ресурси**

На лицата кои ја спроведуваат истрагата мора да им бидат обезбедени:

- доволни човечки и финансиски ресурси;
- пристап до релевантни документи и информации;
- пристап до електронски записи и евиденции во согласност со закон;
- потребна административна и стручна поддршка;
- можност за независно спроведување на истрагата.

Лицата кои спроведуваат истраги треба да располагаат со соодветни знаења и компетенции од областа на интегритетот, спречувањето на корупцијата, управувањето со ризици, прибирањето докази и спроведувањето интерни истраги.

**Обврска за соработка**

Сите вработени и ангажирани лица се должни да соработуваат во истрагата и навремено да обезбедат:

- точни информации;
- документација;
- објаснувања;
- пристап до релевантни податоци.

Одбивањето соработка или попречувањето на истрагата претставува повреда на обврските утврдени со ССП.

**Истражни дејствија**

Во зависност од околностите на случајот, истрагата може да опфати:

- прибирање и анализа на документација;
- интервјуа и разговори со релевантни лица;
- прибирање писмени изјави;
- анализа на финансиски и нефинансиски трансакции;
- анализа на електронски записи и комуникации согласно закон;
- проверка на договори, одлуки и службени дејствија;
- обезбедување материјални докази;
- други активности потребни за утврдување на фактите.

**Доверливост**

Сите информации поврзани со истрагата се третираат како доверливи.
Информациите се достапни само на лицата кои имаат законска или службена потреба да бидат запознаени со нив.
Истрагата, доказите, записниците, извештаите и исходот од постапката се чуваат на начин што обезбедува заштита на доверливоста и интегритетот на информациите.

**Извештај од истрагата**

По завршување на истрагата се изготвува писмен извештај кој содржи:

- предмет и опфат на истрагата;
- опис на наводите;
- преземени активности;
- утврдени факти;
- прибрани докази;
- анализа на наодите;
- заклучоци;
- оценка за евентуална повреда на ССП;
- препораки за понатамошно постапување.

### Доставување на извештајот

Сите извештаи од истрагите задолжително се доставуваат до Лицето за усогласеност со ССП, без оглед на тоа кое лице или тело ја спровело истрагата.
Доколку постои првостепено тело или комисија која ја спровела истрагата, извештајот веднаш по неговото изготвување се доставува до Лицето за усогласеност.
Извештаите Лицето за усогласеност ги доставува до министерот освен ако се работи за случај кој се однесува на министерот.

### Одлучување по извештајот

Во зависност од природата и сериозноста на случајот, може да се преземат:
корективни мерки;

- дисциплински мерки;
- организациски мерки;
- мерки за подобрување на контролите;
- дополнителна обука;
- дополнителна истрага;
- известување до надлежни институции;
- други мерки согласно закон.

Одговорот на Министерството мора да биде разумен, пропорционален и прилагоден на околностите на конкретниот случај.

### Надлежност за одлучување

За помали повреди на процедури и контроли, Лицето за усогласеност може да предложи и следи спроведување на корективни мерки и за тоа да го извести раководството.
За сериозни повреди на ССП, сомнежи за поткуп или случаи со значително влијание врз Министерството, Лицето за усогласеност веднаш го известува министерот заради донесување одлука во однос на понатамошното постапување.
Доколку министерот оцени дека нема доволно факти за донесување одлука, може да наложи дополнителна истрага.

**Известување до надлежни органи**

Кога постојат индиции за прекршок, кривично дело или друга законска повреда, Министерството постапува согласно важечките прописи и ги известува надлежните институции.

**Неселективност и еднаков третман**

Сите пријави и сомнежи се разгледуваат според исти критериуми, без оглед на работното место, функцијата или хиерархиското ниво на лицето на кое се однесуваат.
Министерството обезбедува доследен и неселективен пристап при спроведување на истраги, утврдување одговорност и преземање дисциплински мерки.

**Заштита на пријавувачите**

Лицата кои во добра волја пријавиле сомнеж за поткуп или повреда на ССП, како и лицата кои соработувале во истрагата, не смеат да бидат изложени на одмазда, дискриминација, притисок или друг неповолен третман согласно Упатството за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите 02-2160/1 од 24.11.2025 година и Процедура за пријавување на сомневање за поткуп и заштита на укажувачите.

**Следење на спроведувањето на мерките**

Лицето за усогласеност го следи спроведувањето на препораките, корективните мерки и одлуките донесени по завршување на истрагата и за тоа го известува највисокото раководство.

**Водење евиденција**

Министерството води доверлива евиденција за:
- примени пријави;
- спроведени проценки;
- отворени истраги;
- извештаи од истраги;
- донесени одлуки;

- дисциплински и корективни мерки;
- статус на реализација на препораките.

Евиденцијата се чува согласно законските прописи и интерните правила за управување со документи.